# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

## ФОРУМ - ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Март, 2018**

## Годишен извештај за работењето на Форум ЦСИД во 2017 година

Форум - Центар за стратешки истражувања и документација е основан во 1997 година како невладина организација која е посветена на истражување на стратегиските аспекти и решенија на актуелни локални, национални и регионални прашања. Центарот имаше значајна улога во зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор и зголемување на неговото влијание во формирањето на националните политики насочени кон постигнување на неопходните стандарди за Евро-атланската интеграција на Република Македонија.

Форум ЦСИД е непрофитна организација, којашто во целост се потпира врз грантови и донации од странски донатори, фондации, компании и други организации, што ги препознаваат резултатите од она што го прави Центарот во насока на создавање подобра општествена клима и подобро владеење во Македонија.

Денес организацијата активно работи на вклучување на граѓаните во процесите на партиципативната демократија едуцирајќи стотици граѓани и граѓански активисти како нивните потреби и идеи да ги остварат во рамките на општествените текови и да влијаат на носителите на одлуките.

Вредностите на организацијата, прифатени од нејзните вработени, претставуваат клучна компонента од нејзината култура. Оперативно, тие претставуваат основа за етичко одлучување за постапување на секој член на организацијата. Форум ЦСИД високо ги цени особено следниве вредности:

- *Професионализам*: доследно демонстрирање највисоки стандарди на стручната практика и одговорно однесување.
- *Интегритет*: покажување искреност, отвореност и фер однесување во секоја обучувачка, дебатна и било која друга работна ситуација.
- *Посветеност и лојалност:* грижа за испорака на најдоброто за соработниците, организацијата и заедницата.
- *Емпатија*: тежнение да се видат нештата од страната на другите и покажување разбирање за нив.
- *Индивидуализација*: почитување на индивидуалните разлики и легитимност на различните интереси и потреби во секоја ситуација.

Во 2017 година, Форум ЦСИД продолжи да иницира, подржува и овозможува дебати на релевантните засегнати страни во креирањето на кохерентни и практични јавни политики во подобрувањето и забрзувањето на демократските процеси во Република Македонија.

**Стратешки програмски приоритети во 2017 година беа:**

1. Граѓански активизам

    - Поддршка на граѓанскиот активизам (обучувачка подршка на развивањето и користењето на индивидуалните капацитети);

2. Транспарентност и партиципативност
    - Буџетски мониторинг
    - Пристап до информации од јавен карактер
    - Учество во градење на јавните политики

3. Децентрализација
    - Рамномерен регионален развој
    - Урбани и месни заедници
    - Фискална децентрализација (буџетски перформанси на единиците на локалната самоуправа)
    - Трансфер на социјални надлежности

4. Медиуми
    - Медиуми на заедници (непрофитни)
    - Професионализација на медиумските работници

**Форум ЦСИД во 2017 година работеше со следната организациска структура:**

1. Слаѓан Пенев, извршен директор

2. Соња Исмаил Огненоска, проектен координатор

3. Цветанка Михајловска, проектен координатор

4. Александар Николиќ Писарев, постар истражувач

5. Маја Миленковска, финансов директор

6. Виктор Талески, волонтер

7. Ана Илиевска, волонтер

Организацијата повремено ангажира и околу 15 постојани надворешни соработници, претежно експерти од областа на човековите права, локалната самоуправа, правните, политичките и економските науки, а за потребите на редовните обуки, семинари и работилници, како и за потребите на документите и публикациите кои ги продуцира, покрај претходно спомнатите, ангажира и неколку лектори, преведувачи и графички дизајнери.

**Управен одбор:**

1. Ѓунер Исмаил, претседател на одбор

2. Сашо Орданоски, член

3. Слаѓан Пенев, член

4. Љубица Георгиевска Исмаил, член

5. Ванчо Орданоски, член

Во 2016 година, за потребите на повторното издавање на списанието Форум Аналитика е формиран Уредувачки одбор, кој се среќаваше и во 2017 (најчесто да одлучува за централните теми за наредните изданија на списанието) и е составен од релевантни соработници на Форум ЦСИД (Ризван Сулејмани, Бојан Маричиќ, Емилија Симовска, Ѓунер Исмаил и Сашо Орданоски). Една од можностите за кои се планира организациска интервенција во советодавните тела на организацијата е проширувањето на компетенциите на Уредувачкиот одбор на Форум Аналитика, со цел во иднина тој да биде консултиран за погенералните стратешки правци на Форум ЦСИД.

Стратегискиот пристап на Форум ЦСИД во 2017 година, но и во наредниот развоен период е насочен кон обезбедување на одржлив организациски развој преку преземање мерки за врамнотежено задоволување на потребите на клучните засегнати страни на Форум ЦСИД како граѓанска и тинк-тенк организација:

- Високо квалитетни стратегиски анализи и едукативни активности за политики и граѓански активизам (потреби на целната група - корисници на услугите и продуктите на организацијата)
- Подобрување на ефективноста на внатрешните процеси (потреба за одржливост на организацијата)
- Учење и развој (потреби на вработените и соработниците за подигање на индивидуалните и тимски компетенции). Организацијата инвестираше во капацитетите на своите членови и бара од нив постојано инвестирање во сопствените капацитети. Покрај обуките кои ги организира за корисниците на услугите на Форум ЦСИД, членовите на организацијата учествуваа на обуките организирани од сродните организации, за области кои се од непосреден интерес на организацијата, но и за оперативно работење во рамки на една граѓанска организација (управување со човечки ресурси, зајакнување на капацитетите за застапување, обуки за волонтерство и креирање на програма за волонтерство, итн.)
- Финансиски аспекти (потреби за обезбедување и рационално користење финансиски ресурси за програмските приоритети)

Организацијата активно ги следеше буџетските перформанси на општините и редовно ги ажурираше веб платформите Фискален монитор (fiskalenmonitor.mk) и Граѓанин (gragjanin.mk), продолжи да ги обучува претставниците на граѓанскиот сектор да ги мониторираат буџетските процеси во општините, да го потпомага зајакнувањето на капацитетите на месните заедници во рамки на општините и да ги обучува помладите претставници на граѓанскиот сектор за традиционалните и современите модели на општествен активизам.

## Во 2017 година Форум ЦСИД успешно ги имплементираше следните прокети:

### 1. Вмрежување и застапување на месните и урбаните заедници, Civica Mobilitas

Овој проект Форум ЦСИД го спроведуваше во партнерство и соработка со „Центар за едукација и развој“ од Теарце како логично следство на проектот „Зајакнување на капацитетите на месните и урбаните заедници во Македонија“, кој беше имплементиран во 2015-2016 исто така со поддршка од програмата Civica Mobilitas. Цел на овој проект беше унапредување на процесот на децентрализација со вмрежување и застапување на месните и урбаните заедници

и зајакнување на функционалноста и соработката преку вмрежување на месните и урбаните заедници по урнек на мрежи на здруженија на граѓани.  Беа посетени и запознени луѓето со идејата на проектот во 20 најголеми градови/општини во РМ и беа основани 16 здруженија на територијата на месни и урбани заедници на ниво сите региони во Македонија, основани се 6 регионални мрежи, и на крајот се основа и Национална Мрежа за одржлив развој на заедниците.





Беа организирани четири дводневни работилници во сите плански региони за запознавање со правата, обврските и можностите кои произлегуваат од основање на здруженијата и мрежите. Со спроведувањето на овој проект се зголеми довербата на граѓаните во нивната улога, се зајакна граѓанскиот сектор и се помогна во развојот на демократијата на локално ниво. Проектот заврши со конференција на која беа презентирани резулататите од проектот.






2. **Алијанса за регионален развој, European Instrument for Democracy and Human Rights (EIDHR)**

Форум ЦСИД во соработка со Младински иницијативи за дијалог соработка од Битола ја создадоа иницијативата „Алијанса за регионален развој" која имаше за цел зголемување на транспарентноста на јавните политики за регионален развој во Република Македонија преку вклучување на претставници на граѓанското општество во процесите на планирање и имплементација на овие политики. Се зголемија капацитетите на претставниците на граѓанското општество за активно вклучување во овие процеси и се засилија активностите на мониторинг врз домашните јавни инвестиции и врз формите на надворешна (меѓународна) помош во развојот на сите плански региони. Во текот на летото 2016 г. Алијансата за регионален развој ја објави првичната студија во која се направи пресек на состојбата со развојот на локално и регионално ниво во сите 8 плански региони и  се даде приказ на политиките за рамномерен регионален развој во Македонија. За таа цел се спроведе анкета со

претставници на сите општини и плански региони во државата. Потоа, во 2017 година се одржаа презентации во сите 8 региони и една обука за претставници на граѓанскиот сектор, активисти и истражувачи кои беа заинтересирани за темите поврзани со регионалниот развој.






На крајот од проект, во септември 2017, беше објавена публикацијата „Студии на случај за спроведување на политиките за регионален развој во Република Македонија“ каде автори беа истакнати претставници на граѓанскиот сектор во Македонија од сите региони: Славица Ќучукова Николова, Митко Николов, Борјанчо Мицевски, Емин Рустемовски, Емина Рустемовска, Владо Анчев, Марјан Николов, Астрит Реџепи, Никола Писарев, Јорданчо Миневски, Блаже Јосифовски, Тодор Цонев и Зоран Биковски. Публикацијата беше презентирана на финалната конференција „Политиките за рамномерен регионален развој“ која се одржа во Хотел Александар Палас во Скопје, каде присуствуваа околу 120 гости.





Учество во двете панел дискусии земаа: Никола Беротлини, Раководител на Сектор за соработка, Делегација на Европската Унија, Кочо Анѓушев, Претседавач на националниот

Совет за рамномерен регионален развој при Владата на Република Македонија, Сухејл Фазлиу, Министер за локална самоуправа на РМ, Емил Василев, Координатор на проекти, Центар за развој на Источен плански регион, Мима Станоевска, Раководителка на одделение за имплементација на прокети и меѓународна соработка, Центар за развој на Југоисточен Плански регион, Дончо Герасимовски, Секретар на Општина Центар, поранешен директор на Завод за статистика на РМ, Јуриј Кобал, Директор на Оикос кој презентираше Студија на случај: Ефикасност на политиките за Рамномерен регионален развој во Словенија, Слаѓан Пенев, Извршен директор, Форум ЦСИД кој ја презентираше Студијата за ефикасноста на политиките на Рамномерен регионален развој во РМ во рамки на проектот Алијанса за регионален развој, Славица Ќучукова Николова, Центар на активни граѓани АКТИВО која ја презентираше својата анализа во рамки на проектот Алијанса за регионален развој. Активностите во оваа иницијатива беа реализирани со финансиска помош од програмата на ЕУ од Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) за 2014-2015, која го поддржува граѓанското општество преку шеми на поддршка базирани на специфичностите на државата.
http://forum-csrd.org.mk/wp-content/uploads/2017/09/Publikacija_FinalShrinked.pdf

3. **Зајакнување на влијанието на граѓаните при одредување на приоритетите на ЕЛС,** Western Balkans Enabling Project for Civil Society Monitoring of Public Administration Reform (WeBER), project funded by the European Union and co-financed by the Kingdom of the Netherlands

Овој проект Форум ЦСИД го спроведуваше десет месеци во 2017г., и негова главна цел беше да се воспостави синергија помеѓу едниците на локалната самоуправа (ЕЛС) и граѓанските организации и да се подигне капацитетот на граѓанскиот сектор, месните и урбаните заедници и медиумите, и тие да влијаат единиците на локалната самоуправа да станат простор за иницијативи и активизам, каде граѓаните, месните и урбаните заедници, медиумите и бизнис секторот заеднички и транспарентно со локалната администрација ќе ги одредуват приоритетите и заеднички ќе решават кои се најгорливите прашања на локалната заедница. Целна група беа НВО, неформални граѓански здруженија и иницијативи, месни и урбани заедници, ЕЛС, бизнис секторот и медиумите. Со оглед на ограничените средства, проектот беше реализиран само во селектираните три општини со еклатантни примери на потреба од ваков проект (Охрид, Тетово, Центар). Беше направено деск и теренско истражување, беа реализирани три фокус групи и три дводневни работилници во секоја од општините за претставниците на локалната администрација, месни и урбани заедници, НВО секторот, медиумите, за тоа како да се подобри состојбата, зголеми партиципативност на граѓаните при одлучување на ниво на ЕЛС, како да се зголеми транспарентноста на ЕЛС при одредување на приоритетите за трошење на јавни пари.










Експертите вклучени во проектот дадоа препораки за креирање на мерки и рамка за надминување на проблемите. Преку овој проект беше подигнато нивото на граѓанскиот активизам како еден од  механизмите за корекција на погрешните политики во локална самоуправа. Подобрени беа механизмите за партиципативна  демократија  и се создаде подобра клима за вклучување на граѓанскиот сектор, во донесување одлуки на локално ниво. Се издаде прирачник со алатки за вклучување на граѓаните во процесите на одредување на приротети за решавање на горливите проблеми и трошење јавни пари. Исто така, во проектот беа вклучени и локални новинари кои учествуваа во сите активности предвидени во проектот, и на крајот од проектот беа објавени три истражувачи стории во три локални медиуми (www.plusinfo.mk, ТВ Кисс од Тетово и www.ohridnet.mk) каде се третираа локалните проблеми во нивните општини.

4. **Активни граѓани за добро владеење, USAID Civic engagement project**

Форум ЦСИД во јуни 2017 година започна да го спроведува проектот „Активни граѓани за добро владеење“, кој се реализира со поддршка на проектот на УСАИД за Граѓанско учество. Проектот „Активни граѓани за добро владеење“ ќе се спроведува 3 години во сите осум плански региони во Република Македонија. ФОРУМ ЦСИД пред отпочнувањето на активностите, потпиша меморандуми за соработка со сите поголеми општини во планските региони. Во секој од планските региони, ФОРУМ ЦСИД има своја партнерска организација, која ќе помага во реализирањето на предвидените активности. Главна цел на овој проект е граѓаните да се информираат и поттикнат да влијаат на процесот на донесување одлуки на локално ниво.  Активностите кои во 2017 година беа опфатени со овој проект беа деск и теренски истражувања во сите поголеми центри во планските региони. Во 2017 година Форум ЦСИД започна со активностите во првгиот таргетиран регион - Полошки регион. Беше одржана фокус група во Гостивар, и тродневна работилница во Маврово.











Темите кои беа опфатени на работилницата беа: соработката меѓу локалната администрација и граѓаните; стекнување вештини за мониторинг и евалуација на јавните услуги; соодветна едукација за спроведување на акции и иницијативи; мониторирање на буџетите на општините; транспарентност и отчетност на локалната самоуправа; структура на општеството и улогата на граѓанскиот сектор; добро владеење; човекови права; вмрежување на групи со заеднички интереси и други. На оваа работилница учествуваа членови на граѓански организации од Полошкиот регион, претставници на локалните самоуправи во Полошкиот регион, претставници на младински здруженија, маргинализирани групи, образовни институции, медиуми, и други засегнати заедници од Полошкиот регион кои покажаа интерес за проширување на своето знаење. Беше селектирана и локалната иницијатива на тема екологија, која се планираше да се спроведе во јануари 2018 година.

5. **Форум Аналитика,** Civica Mobilitas и ФООМ

Во 2017 година беа издадени два броја од периодичното списание „Форум Аналитика“. На 18 октоври 2017 година, во Клубот на новинари во Скопје беше промовиран 14-от број. Овој број, насловен како “Демократијата функционира локално”, е издаден со поддршка на програмата Цивика мобилитас. Во ова издание на Форум Аналитика може да се прочитаат текстовите на Ризван Сулејмани, Кристина Хаџи-Василева, Александар Цветковски и Харалд Шенкер, како и истражувањата на редакцијата на Форум Аналитика и Центарот за управување со промени. На промоцијата зборуваа Харалд Шенкер, Сашо Ордановски и Ѓунер Исмаил. Овој број беше промовиран и во Битола на 25 октомври, а во Тетово на 31 октомври 2017.






Во Декември 2017 година беше издаден бројот 15 од списанието Форум Аналитика кое беше поддржано од Фондација Отворено Општество Македонија (ФООМ), со наслов „Реформи: Со полни едра, Напред!“ Автори во ова издание на Форум Аналитика се: Алексадар Литовски, Борче Треновски, Соња Ристеска, Беса Арифи, Слаѓан Пенев, Александар Нацев и Снежана Трпевска.

**20 години Форум ЦСИД**

На 15-ти септември 2017 година во Кино Култура во Скопје, ФОРУМ ЦСИД го прослави својот 20 годишен јубилеј. Во присуство на долгогодишните партнери, пријатели, соработници на тимот на ФОРУМ ЦСИД, како и поранешни соработници на магазинот ФОРУМ, беа одбележани 20-те години работење на брендот "ФОРУМ". Изостанаа вообичаените панел дискусии и говори, а на присутните им беше прикажан 20 минутен документарен филм, во кој пријателите и соработниците ги сумираа најбитните моменти од работата и постоењето на организацијата. Филмот може да се види на следниов линк:
https://www.youtube.com/watch?v=j7qJrz8cJJg&t=10s





**Форум ЦСИД**

Бул. Партизански одреди, 6/мезанин
1000 Скопје

+389 2 3121 100

forumcsrd@forum-csrd.org.mk

www.forum-csrd.org.mk

www.facebook.com/FORUMCSRD/

Претседател: Ѓунер Исмаил

Извршен директор: Слаѓан Пенев

Извештајот го изготвија: Слаѓан Пенев и Цветанка Михајловска